# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН





**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**23-29 јуни 2026 Билтен бр. 640**

# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**23 јуни**
**Под мотото „Доверба, интегритет и резултати: темели на модерна и европска јавна администрација“, во Македонската филхармонија, беше одбележан Денот на јавната администрација. На настанот, организиран од Министерството за јавна администрација, присуствуваше и заменик-градоначалникот на Општина Карпош, Неделчо Крстевски, заедно со претставникот на општинската администрација, д-р Мирјана Пехчевска. Свое обраќање имаа претседателот на Владата, Христијан Мицкоски, министерот за јавна администрација Горан Минчев, како и шефот за соработка во Делегацијата на Европската унија, Штефан Худолин.**

**Во својот говор, премиерот Мицкоски посочи дека денешниот ден не е само формалност, туку повик за реформи за како што рече, конечно надминување на „болестите“ кои предолго ја разјадувале јавната администрација.**

**„Ги градиме темелите на промените за времето во кое знаењето и трудот ќе бидат поважни од партиската книшка. За време во кое институцијата ќе служи на граѓанинот, а не граѓанинот на институцијата. За време во кое професионалноста ќе биде стандард, а не исклучок. За време во кое службеникот ќе биде горд што е дел од јавната администрација, а граѓанинот ќе знае дека ќе биде услужен со почит, ефикасно и дигитално“ – истакна Мицкоски.**
**Во рамки на денешната средба, министерот за јавна администрација Горан Минчев, посочи дека по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на јавните службеници и јавната служба, традиционално се одржуваат панел дискусии на тема „Модерен јавен сектор“ и „Управување кон промени“.**



# ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦА ТРИФУН БУЗЕВ

**26 јуни**
**Општина Карпош започнува акција за санирање на дел од улицата Трифун Бузев во населбата Карпош 4. Станува збор за поставување на нова асфалтна база на коловозот во должина од 112 метри, работа на долниот строј, како и замена на рабниците и бекатон плочките долж пешачката патека. Во таа насока ќе бидат реконструирани и двата паркинга кои се наоѓаат во непосредна близина на коловозот, со поединечна должина од 80 метри.**

**По тој повод, заменик – градоначалникот на Општина Карпош, Неделчо Крстевски беше на увид на градежните работи кои се одвиваат на оваа улица. – Целата оваа реконструкција ќе трае од 30 до 40 работни денови и ги замолувам граѓаните кои живеат на самата улица и во близина на истата да бидат трпеливи. Општината и во иднина ќе инвестира во модернизација и подобрување на инфраструктурната мрежа на целата територија на Карпош – истакна Крстевски. Изведувач на градежните работи е фирмата „Филип Инженеринг ДООЕЛ“, а целосниот зафат чини 8.441.538 денари. Средствата ги обезбеди Владата на РСМ, а во случајов Општина Карпош ја доби оваа финансиска поддршка, откако изработи проект и аплицираше со него на Јавниот повик кој го распиша Министерството за локална самоуправа.**

